Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/38

# З А П И С Н И К
од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 8 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 април 2020 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и м-р Кире Наумов, директор на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Дваесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 8 април 2020 година

2. Предлог – одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите

3. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за акредитација за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за исплата на авторски хонорари за лица ангажирани во органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна или доминантна државна сопственост, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје

5. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба

6. Предлог - уредба со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година

7. Предлог - уредба со законска сила за примена на Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности

8. Предлог - уредба со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредна состојба

9. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредна состојба

10. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за судска служба за време на вонредна состојба

11. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за јавнообвинителска служба за време на вонредна состојба

12. Предлог - одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година

13. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година за Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

14. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултет за Исламски науки - Скопје

15. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година

16. Кадровски прашања

17. Прашања и предлози

18. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Кредитната линија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со цел намалување на последиците од коронавирусот КОВИД - 19,

19. Информации за спроведување постапки за итни јавни набавки во Министерство за труд и социјална политика (опрема, капитални инвестиции и за избор на Агенција за привремени вработувања)

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Дваесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 8 април 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправа на седницата Владата заклучи:

1. Го прифати Протоколот  за влез во Република Северна Македонија на странски дипломати акредитирани во земјата и членови на нивните семејства.

2. Донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, во насока од истата да бидат изземени вработените во Министерството за внатрешни работи и Царинската управа и други институции согласно моменталната состојба, со цел работното време за вработените во овие институции да биде осум часа, а надоместокот за извршена прекувремена работа да биде исплатен по изминати осум часа работа.

За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, дозволи лицата со посебни потреби, со придружник,  непречено да излегуваат надвор од своите домови, од понеделник до петок, во времетраење од еден час, почнувајќи од 19:00 часот до 20:00 часот, а во деновите сабота и недела, во времетраење од два часа, почнувајќи од 11:00 часот до 13:00 часот.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, за наредната седница, што ќе се одржи на 9 април 2020 година (четврток), поради потребата од дополнителни усогласувања согласно предлозите изнесени во расправата на седницата.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за акредитација за време на вонредна состојба, поради потребата текстот на Предлог-уредбата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за исплата на авторски хонорари за лица ангажирани во органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна или доминантна државна сопственост, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба, со заклучок текстот на Уредбата да се дополни со нов член 2-б кој да гласи:

„Член 2-б
Работниците во Министерството за внатрешни работи кои имаат статус на приправник се смета дека го положиле посебниот односно приправничкиот испит и истите се распоредуваат на соодветно работно место.“, согласно барањето на Полицискиот синдикат.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, за време на вонредна состојба, поради потребата Министерството за правда да го усогласи текстот на Уредбата со Министерството за финансии.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за судска служба за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за правда да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за јавнообвинителска служба за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за правда да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година за Православниот Богословски факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 14</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 15</u>**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за 2020 година и притоа го утврди следново мислење

Согласно препораките на Министерството за финансии, ЈП Македонска радиотелевизија направи измени во делот на вкупните приходи и расходи за 2020 година, односно првично планираните приходи и расходи од 1.345.190.000 денари, со измената се утврдени на износ од 966.000.000 денари.

Заради новонастаната ситуација предизвикана од светската пандемија со вирусот КОВИД – 19 и влијанието на кризата врз нашата држава, укажуваме на потребата од дополнително ревидирање на Финансискиот план на Јавното претпријатие.

**Точка 16**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 17**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и Кредитната линија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со цел намалување на последиците од коронавирусот КОВИД - 19,, ја усвои и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат условите дадени во Прилог бр.1.

**Точка 19**

Владата по Информациите за спроведување постапки за итни јавни набавки во Министерството за труд и социјална политика (опрема, капитални инвестиции и за избор на Агенција за привремени вработувања), заклучи да продолжат сите постапки, а активностите во однос на реализација на капиталните инвестиции, да се реализираат непречено.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |